Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Државен просветен инспекторат

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës
Inspektorati Shtetëror i Arsimit

Државен просветен инспекторат

ИП 1 Бр. 31- 116/2
Од: 17.04.2026 година

# ЗАПИСНИК

## за извршен вонреден инспекциски надзор

**Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 08.04.2026 со почеток во 09:30 часот.**

На ден 08.04.2026 година, од страна на Државен просветен инспекторат преку И[redacted] З[redacted] со број на службена значка и легитимација 021-[redacted] и А[redacted] Т[redacted] со број на службена значка и легитимација 021-[redacted], изврши вонреден инспекциски надзор над работењето на високообразовната установа Универзитет во Тетово со седиште на ул.Илинденска бб - Тетово, Матичен број (ЕМБС): [redacted], Даночен број (ЕДБС): [redacted], и одговорно лице/ректор проф.д-р Ј[redacted] З[redacted].

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на задолжение од Директорот на Државен просветен инспекторат – Скопје со ИП1 бр.31-531/2 од 31.03.2026 година и примено за работа од страна на Државните просветни инспектори на ден 08.04.2026 година, а врз основ на поднесена иницијатива за вонреден инспекциски надзор со ИП1 број 31-531/1 од 31.03.2026 година од страна на А[redacted] Б[redacted], а во врска со неправилности во постапката за избор во звање редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитетот во Тетово на лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted].
Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на член 58 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/25 и 269/25), член 2 став 2, член 6, член 8 став 2, член 9 став 1 точка 6 и 18, член 19 став 1 алинеа 3 член 28 и член 31 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), член 94 став 1, член 160 став 1, член 161 став 11, член 164 став 1 и 2, член 165, член 166, член 171, член 172 став 1, 2 и 4, член 173 став 1, 3, 4, 6, 7, 8, 9 и 10 и 206 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25), Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија„ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24), Статут на Универзитетот во Тетово (Одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот во Тетово број 08-3719/1 од 29.06.2019 година донесено од Собрание на Република Северна Македонијана седницата одржана на 26.06.2019 година), Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања (донесен од Сенататот за Универзитетот во Тетово со број на високообразовната установа 01-4309/2 од 01.12.2021 година)

**При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка:** ДА НЕ
од причина што истиот е вонреден инспекциски надзор по задолжение со ИП1 бр.31-531/2 од 31.03.2026 година и примено за работа на ден 08.04.2026 година



CamScanner

**Државните просветни инспектори се легитимира со службената легитимација и пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.**

**При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:**

---

За време на вонредниот инспекциски надзор во Универзитетот во Тетово беа присутни Деканот на Факултет за медицински науки проф.д-р Н[redacted] Е[redacted] и секретарот на Факултетот за медицински науки Н[redacted] К[redacted].

**Од увидот во приложената доказна документација како и од извршениот службен разговор со присутните за време на вонредниот инспекциски надзор, а во однос на наводите во претставката за кои е надлежен Државниот просветен инспекторат е констатирано следното:**

Деканот на Факултетот за медицински науки донел одлука со број на високообразовната установа 22-5383/1 од 24.12.2025 година за распишување на јавен конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот во Тетово, **и истото не е во согласност со член 172 став 1 од Законот за високото образование („Службен Весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025) и не е во согласност со член 26 став 1 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања донесен Сенататот за Универзитетот во Тетово со број 01-4309/2 од 01.12.2021 година.** Членот 1 од одлуката е избор – реизбор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Микробиологија со паразитологија (3.01.00.07 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), Социјална медицина (3.01.00.14 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) и Друго (3.01.00.16 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

Конкурсот е објавен во два дневни печати на ден 31.01.2026 година и тоа во весникот Слободен печат кој се издава на македонски јазик и весникот Коха кој се издава на албански јазик **што е во согласност со член 26 став 4 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања.** Во текот на инспекцискиот надзор е утврдено дека конкурсот за избор во наставно-научно звање не е објавен истовремено во дневните печати, односно постои неусогласеност во датумите на објавување. Имено, конкурсот е објавен на официјалната веб-страница на Универзитетот во Тетово на ден 02.02.2026 година, додека објавата во дневните печатени медиуми е извршена на различен датум односно 31.01.2026 година, што влијае врз роковите за пријавување и доведува до нееднаква положба на заинтересираните лица за апликација на наведниот конкурс.

**Видно од содржината на наведениот Конкурс е констатирано дека истиот не ги содржи сите елементи утврдени во член 172 став 4 од Законот за високото образование, член 251 став 4 од Статутот на Универзитетот во Тетово и член 28 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања, односно:**



CamScanner

- **Конкурсот содржи 3 (три) наставно – научни области и тоа:** Микробиологија со паразитологија (3.01.00.07 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), Социјална медицина (3.01.00.14 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) и Друго (3.01.00.16 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) **за кои се избира 1 (едно) лице**, иако во член 172 став 4 од Законот за високото образование, член 251 став 4 од Статутот на Универзитетото во Тетово и член 28 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања, **е јасно утврдено, цитираме:** „*Конкурсот за избор во звање и засновање на работен однос треба да ја содржи соодветната наставно-научна област за која се избира лицето утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација)*" **односно во конкурсот не е јасно за која област се врши изборот при што сторена е повреда на принципот на еднаквост утврден во основните начела на високото образование во член 3 став 2 точка 5 од Законот за високото образование.**
- **Не го содржи видот на работниот однос и рокот на траење**
- Во однос на исполнетоста на условите за избор покрај општите услови утврдени во член 166 од Законот за високото образование, не се наведени посебните услови за избор утврдени во Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања,
- **Не ја содржи целокупната документација утврдени со општиот акт на Универзитетот** односно Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања, односно во конкурсот не е побарана изјава за исполнетоста на општите и посебните услови за избор **утврдена во член 28 став 2 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања.**

**Согласно со член 27 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања, конкурсот траел 8 дена.**

Од извршениот службен разговор со присутните за време на вонредниот инспекциски надзор, на конкурсот како единствен кандидат се пријавила А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] за што за време на вонредниот инспекциски надзор беше приложена апликација со број на досие 04-01-22. Образецот за апликација со документацијата била доставена до високообразованта установа на ден 04.02.2026 година. Видно од наведениот образец за апликација, лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] **аплицирала за избор во звање редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот во Тетово.**

Од увидот во досието на кандидатката А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] разгледани се следните документи:

- Образец за апликација (Досие број 04-[redacted] од 04.02.2026)
- Диплома со број [redacted] од 23.02.2005 година и Уверение бр.[redacted] од 24.09.2015 година за завршени додипломски студии на Медицински факултет – Скопје при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје и стекнат стручен назив Доктор по медицина и просечна оценка [redacted] Видно од приложената диплома на задната страна има печат на Медицински факултет – Скопје со кое е потврдено дека

лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] има повторно полагано 4 (четири) предмети и тоа: Медицинска хемија, Биохемија, Радиологија и Социјална медицина, и по извршеното повторно полагање оствари просечна оценка <u>од</u> [redacted] (број [redacted] од 24.09.2015 година).

- **Нема доказ за завршени интегрирани студии од првиот и вториот циклус односно нема доказ за завршен втор циклус – магистерски студии.**
- Решение за признавање на високообразовната квалификација стекната во странство донесено од Министерство за образование и наука на Република Македонија со УП1 бр.15-291 од 13.02.2015 година за завршен трет циклус докториски студии **и стекант научен степен Доктор** на медицински **науки, според кое лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted]** има завршено трет циклус на студии во Европски центар за мир и развој при Универзитет за мир на обединети нации во Белград, Република Србија.
- Има документ за познавање на англиски јазик
- Во последните пет години пред објавување на конкурсот за избор има објавено најмалку 6 (шест) научни труда
- Од исказот на присутните лицето има способност за изведување на високо образовна дејност
- Одлука со број на Универзитетот во Тетово 04-4861/2 од 30.12.2015 година за избор во наставно научно звање <u>**доцент**</u> за предметите Микробиологија со имунологија, Микробиологија со паразитологија и Менаџирање на здравството на Факултетот за медицински науки при Државен Универзитет во Тетово.
- Одлука со број 02-620/1 од 25.02.2022 година за прифаќање на Одлуката на Универзитет за мир на обединети нации од 01.02.2021 година за вонреден професор на А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] по предмети Јавно здравје, Здравствен Менаџмент и Микробиологија од **област Биомедицински науки** донесена од Сенатот на Универзитетот во Тетово на седница одржана на ден 24.02.2022 година за што беше приложен записник од одржан состанок на Сенатот на Универзитетот во Тетово со број на високообразовната установа 02-606/1 од 24.02.2022 година. **Видно од содржината на наведениот записник од одржан состанок на Сенатот на Универзитетот во Тетово е констатирано дека Сенатот донел одлука за признавање на наставно – научното звање вонреден професор на лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] стекнато на Универзитет за мир на обединети нации во Белград, Република Србија, <u>без притоа</u> да е водена постапка за утврдување на исполнетоста на условите за вонреден професор дефинирани во член 166 став 2 од Законот за високото образование и член 246 став 2 од Статутот на Универзитетот во Тетово.**

**Имено**, согласно со надлежностите на Државниот просветен инспекторат **утврдени во член 8 став 1 и 2 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), цитираме:**

> *„Државниот просветен инспекторат врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето на квалитетот на образованието, ефективноста преку евалуацијата на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.*
>
> *Државниот просветен инспекторат врши надзор во воспитно-образовните*



CamScanner

*установи. Во високообразовните установи и во научните установи Државниот просветен инспекторат врши надзор над примената на законите со кои се уредува високообразовната дејност, за прашања утврдени со овој закон."*

**Согласно со член 9 став 1 алинеа 6 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), цитираме:**

*„Државниот просветен инспекторат врши надзор над: постапката за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања"*

**односно, при донесувањето на Одлука со број 02-620/1 од 25.02.2022 година за прифаќање на Одлуката на Универзитет за мир на обединети нации од 01.02.2021 година за избор во наставно - научно звање вонреден професор на лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] по предмети Јавно здравје, Здравствен Менаџмент и Микробиологија од областа Биомедицински науки од страна на Сенатот на Универзитетот во Тетово, не била спроведена дополнителна постапка за потврдување на наставно – научното звање вонреден професор на лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] и исполнетоста на општите услови за избор во наставно -научно звање вонреден професор утврдени во член 166 став 2 од Законот за високото образование и член 246 став 2 од Статутот на Универзитетот во Тетово а со тоа Сенатот не ја зел во предвид одредбата од член 161 став 11 од Законот за високото образование, а во однос на утврдување на еквивалентноста на степенот на наставно – научно звање на лицето А[redacted] Б[redacted] Ф[redacted] стекнато на високообразовната установа Универзитет за мир на обединети нации во Белград, Република Србија.**

**Согласно со член 94 став 1 од Законот за високото образование и член 85 од Статутот на Универзитетот во Тетово**, со кои се уредуваат надлежностите на Сенатот, како и одредбите од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, **не е предвидена ниту утврдена надлежност на Сенатот за потврдување (верификација) на одлука за избор во наставно-научно звање стекнато на друг универзитет надвор од државата со што Сенатот постапил надвор од своите законски и статутарни надлежности.**

Наставно – научниот совет одржал состанок на ден 09.02.2026 година за што за време на вонредниот инспекциски надзор беше приложен записник со број на установата 22-273/2 од 09.02.2026 година.

Видно од содржината на наведениот записник под реден број 6 (шест) од дневниот ред било формирање рецензентска комисија за објавениот конкурс од 31.01.2026 година за избор-реизбор во сите наставно – научни звања во областите Микробиологија со паразитологија (3.01.00.07 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), Социјална медицина (3.01.00.14 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) и Друго (3.01.00.16 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) на Факултетот за медицински науки.

**Согласно со член 173 став 3 од Законот за високото образование, член 252 став 2 од Статутот на Универзитетот и член 34 став 1 и 2 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања,** Наставно – научниот совет на Факултетот за медицински науки донел одлука со број на високообразовната установа 22-337/1 од 09.02.2026 година за формирање на



CamScanner

Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите наставно – научни звања од областа на Микробиологија со паразитологија (3.01.00.07 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), Социјална медицина (3.01.00.14 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) и Друго (3.01.00.16 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) во состав:

- **Проф.д-р Ж[redacted] Ц[redacted]** – претседател на рецензентската комисија избрана во редовен професор (одлука со број 02-4667/58 од 02.10.2018 година донесена од Наставно – научниот совет при Медицински факултет во Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје за избор во редовен професор по предметите од наставно -научните области: Микробиологија (30108) Бактериологија (30109) Вирусологија (30110) и Паразитологија (30111) од Меѓународната Фраскатиева класификација)
- **Проф.д-р Н[redacted] Б[redacted]** – член на рецензентската комисија избран за редовен професор (одлука со број 22-166/1 од 03.02.2022 година за избор во наставно – научно звање редовен професор за научната област Микробилогија (30108) и друго (30118) од Меѓународната Фраскатиева класификација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот во Тетово)
- **Проф.д-р Н[redacted] Б[redacted]** – член на рецензентската комисија избран за редовен професор (Одлука со број 23-2805/2 од 24.08.2004 година за избор на наставник во наставно – научно звање редовен професор од научна област Биологија донесена од Матична комисија за основање на Државен Универзитет во Тетово)

**Формираната рецензентска комисија не е во согласност со член 173 став 6 од Законот за високо образование, не е во согласност со член 252 став 5 од Статутот на Универзитетот во Тетово и не е во согласност со 34 став 7 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања односно двајца членови се од областа на Микробилогија и паразитологија (3.01.00.07 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), но истите не можат да бидат соодветни за областа Социјална медицина (3.01.00.14 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) и област Друго (3.01.00.16 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација). Исто така, третиот член на Рецензентската комисија е избран во научна област Биологија без притоа во одлуката да е наведена областа според Меѓународната фраскатиева класификација. Имено, според Уредба за утврдување на научно – истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонаја" бр.91/24) научната област Биологија не е област која припаѓа на научно поле Базична медицина (3.01 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) односно истиот не е од иста или сродна наставно – научна област во која се избира кандидатот.**

**Од приложените одлуки за избор во наставно – научно звање на членовите на Рецензентската комисија се констатира дека Универзитетот во Тетово нема постапено според член 4 од Уредба за утврдување на научно – истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонаја" бр.91/24) односно не е извршено соодветно услогласување на називите и кодните броеви на научно - истражувачките области во рок од 6 (шест) месеци од денот на влегување во сила на**

наведената Уредба.

Согласно со член 35 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања Деканот на Факултетот за медицински науки писмено ги известил членовите на рецензентската комисија со писмено известување со број 22-342/1 од 09.02.2026 година.

Рецензионата комисија за пријавената кандидатка [redacted] поднела Реферат во писмена форма со број на високообразовната установа 22-646/1 од 04.03.2026 година во рокот утврден во член 173 став 8 од Законот за високото образование, член 252 став 7 од Статутот на Универзитетот во Тетово и член 36 став 1 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања.

Видно од содржината на Рефератот, рецензентската комисија донела заклучок и предлог лицето [redacted] да биде избрана во наставно – научно звање <u>редовен професор</u> од област Микробилогија и паразитологија (3.01.00.07 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), Социјална медицина (3.01.00.14 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) и Друго (3.01.00.16 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) односно предложено е да биде избрана во наставно – научно звање редовен професор во 3 (три) различни области, без целосно и правилно утврдена фактичка состојба за исполнетоста на условите за избор во наставно – научно звање според одредбите во утврдени во член 166 став 3 од Законот за високото образование, член 246 став 3 од Статутот на Универзитетот и Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања. Истото, не е во согласност со член 173 став 8 од Законот за високото образование и не е во согласност со член 252 став 7 од Статутот на Универзитетот во Тетово, во однос на тоа што оценката за остварувањата на кандидатката содржани во Рефератот на рецензентската комисија не се во согласност со општите и посебните услови за избор во наставно – научното звање редовен професор.

Имено видно од содржината на Рефератот на рецензентската комисија со број на високообразовната установа 22-646/1 од 04.03.2026 година, рецензентската комисија нецелосно ја утврдила исполнетоста на општите услови за избор во наставно – научно звање на лицето [redacted], односно:

- нема утврдено дали наведената кандидатка се стекнала со интегрирани студии од прв и втор циклус, а следствено на тоа во табелата на Формулар 1 – Општи услови за избор во наставно – научно, научно, наставно – стручно и соработничко звање (страна 11) не е наведен податок за остварен просечен успех според општиот услов утврден во член 166 став 3 точка 1 од Законот за високото образование и член 246 став 3 точка 1 од Статутот на Универзитетот.
- во Формулар 1 – Општи услови за избор во наставно – научно, научно, наставно – стручно и соработничко звање (страна 11) не се наведени целосни податоци во делот Научен степен – доктор на науки од научната област во која се избира.
- Исто така, во табелата на Формулар 1 во колона со сериски број 5 од наведениот формулар (страна 14) од Рефератот на рецензентската комисија во делот „Претходен избор во наставно – научно звање – вонреден професор,



CS CamScanner

датум и број на Билтен: " е наведено број на одлука 221184/1 од 18.09.2020 година и број на Билтен 166 од 01.07.2020 година. Видно од содржината на Билтен 166 од 01.07.2020 година објавен на официјалната веб страница на Универзитетот во Тетово, нема податоци за избор во вонреден професор на кандидатката [redacted], односно во наведениот Билтен објавен е реферат за избор во наставно – научно звање вонреден професор на лицето [redacted]. При службениот разговор за време на вонредниот инспекциски надзор од страна на присутните беше истакнато дека лицето [redacted] е сопруг на кандидатката за избор [redacted].

Согласно со член 173 став 9 од Законот за високото образование, член 252 став 8 од Статутот на Универизтетот и член 36 став 7 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања, Рефератот е објавен во Билтен број 259 објавен на 05.03.2026 година на официјалната страница на Универзитетот во Тетово.

Согласно со своите надлежности утврдени во член 173 став 1 од Законот за високото образование, на седницата одржана на ден 08.04.2026 година (записник од одржан состанок на наставно – научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот во Тетово со број 22-1007/3 од 08.04.2026 година) Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки донел одлука за избор во наставно-научно звање редовен професор на лицето [redacted] од областите Микробилогија и паразитологија (3.01.00.07 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), Социјална медицина (3.01.00.14 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) и Друго (3.01.00.16 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) врз основа на Рефератот на рецензентската комисија бр. 22-646/1 од 04.03.2026 година кој содржи нецелосни податоци при оценувањето на кандидатката за исполнетоста на општите и посебните услови за избор со што е сторена повреда на член 166 став 3 од Законот за високото образование и член 246 став 3 од Статутот на Универзитетот во Тетово.

---

**При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:**

---

- Повреда на член 172 став 1 од Законот за високото образование и член 26 став 1 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања при донесување на одлука со број на високообразовната установа 22-5383/1 од 24.12.2025 година за распишување на јавен конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот во Тетово.
- Повреда на член 172 став 4 од Законот за високото образование, член 251 став 4 од Статутот на Универзитетот во Тетово и член 28 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања односно Конкурсот објавен на 31.01.2026 година не ги содржи сите елементи утврдени во наведените членови.
- Повреда на член 94 став 1 од Законот за високото образование и член 85 од Статутот на Универзитетот во Тетово од страна на Сенатот на Универзитетот а во однос на донесување на одлука со број 02-620/1 од 25.02.2022 година за прифаќање на Одлуката на Универзитет за мир на обединети нации од 01.02.2021 година за избор



CamScanner

во вонреден професор на лицето [redacted] [redacted] [redacted] по предмети Јавно здравје, Здравствен Менаџмент и Микробиологија од област Биомедицински науки

- Повреда на член 173 став 6 од Законот за високо образование, член 252 став 5 од Статутот на Универзитетот во Тетово и член 34 став 7 од Правилник за посебните услови и за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања а во однос на составот на Рецензентската комисија.
- Повреда на член 173 став 8 од Законот за високото образование и член 257 став 7 од Статутот на Универзитетот а во однос на оценката за остварувањата на кандидатката содржани во Рефератот на рецензентската комисија односно Рефератот содржи нецелосни и неточни податоци во однос на исполнетоста на условите за избор во наставно – научно звање според одредбите во утврдени во член 166 став 3 од Законот за високото образование, член 246 став 3 од Статутот на Универзитетот.
- Повреда на член 166 став 3 од Законот за високото образование и член 246 став 3 од Статутот на Универзитетот во Тетово при донесување на одлука за избор во наставно – научно звање редовен професор на лицето [redacted] [redacted] [redacted] од страна на наставно – научниот совет при Факултетот за медицински науки при Универзитетот во Тетово.

---

**Заради отстранување на неправилностите ќе се изречат следните инспекциски мерки:**

---

**Согласно со член 68 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/25 и 269/25) и член 31 став 2 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) Државните просветни инспектори изрекуваат инспекциска мерка наредба и рок за постапување.**

**Од констатираните неправилности произлегува дека е сторен прекршок казнив според член 207 став 1 алинеа 27, член 207 став 2 и член 207 став 5 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25) во кои е предвидена глоба за сторени прекршоци поради што ќе бидат издадени прекршочни платни налози и ќе се постапи во согласност со член 208 став 2 од Законот за високото образование.**

**Во однос на повредата на член 94 став 1 од Законот за високото образование, а во однос на донесување на одлука со број 02-620/1 од 25.02.2022 година за прифаќање на Одлуката на Универзитет за мир на обединети нации од 01.02.2021 година за избор во вонреден професор на лицето [redacted] [redacted] [redacted] како и изборот во наставно – научно звање на лицето [redacted] [redacted] [redacted] Државните просветни инспектори ќе постапат во согласност со член 206 став 3 од Законот за високото образование.**

---

По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** **НЕ**

**Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите во записникот:**



CS CamScanner

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**
**Државен просветен инспекторат**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**
**Inspektorati Shtetëror i Arsimit**

---

-------

---

Датум:__________

Претставник на субјектот на надзор: **Ректор**

Име и презиме на претставникот на субјектот на надзор **проф.д-р [redacted] Зе[redacted]**

Своерачен потпис: ______________________

**Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следниве причини:**

---

-------

---

Инспекцискиот надзор е завршен на ден : 15.04.2026 година во 13:00 часот.

**Прилози кон записникот:**

-

| | |
|---|---|
| Име и презиме на инспекторот: | Y[redacted] Z[redacted]u |
| Вид на инспектор: | Виш – државен просветен инспектор |
| Број на службена значка и легитимација | 021-[redacted] |
| Потпис на инспекторот и печат на институцијата: | |

| | |
|---|---|
| Име и презиме на инспекторот: | А[redacted] Т[redacted] |
| Вид на инспектор: | Советник – државен просветен инспектор |
| Број на службена значка и легитимација | 021[redacted] |
| Потпис на инспекторот и печат на институцијата: | |

------------------------------------

Поради обемот, сложеноста, природата и околностите на инспекцискиот надзор не беше можно да се состави Записникот на лице место на инспекцискиот надзор, поради што истиот е составен во службените простории на Државниот просветен инспекторат во Тетово и ќе се достави до установата во пропишаниот рок во член 65 став 3 од Законот за инспекцискиот надзор и член 31 став 3 од Законот за просветната инспекција.



CamScanner